**ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ Бр. 2**
**16 мај – 23 мај**
**27 мај 2011**

## I. РЕЗИМЕ

- Подготовките за изборите се чини дека се навремени покрај одредени доцнења кај Државната изборна комисија (ДИК).

- ДИК работеше на транспарентен начин, но сеуште не постигнала консензуален стил на одлучување по спорни прашања.

- Општинските изборни комисии (ОИК) се главно подготвени за изборите. Меѓутоа, сите ОИК се пожалија дека не им биле префрлени средства од ДИК, што резултираше со тоа одредени претседатели на ОИК да користат свои средства за да го поддржат работењето на Општинските изборни комисии.

- Обуката за комисиите од понизок ранг е во тек. Иако ДИК објави прирачници кои даваат упатства за ОИК и за ИО, соодветна законска регулатива во врска со ова сеуште недостасува.

- Кампањата официјално започна на 16 мај, и оттогаш главно се одвива со низок интензитет, особено надвор од Скопје. Острата реторика увидена во периодот пред официјалниот старт на кампањата, беше повторно забележана.

- Кампањите главно се спроведуваат преку држење митинзи низ целата земја. Само мал број партии користат билборди и плакати, додека пак другите кандидати користат помали настани и спроведуваат кампања „од-врата-на-врата". Ова е особено поради недостатокот на финансиски средства.

- Иако медиумите, до сега, им обезбедија на гласачите широко покривање на кампањата, првичните резултати од мониторингот на медиумите што го спроведува НМИ на ОБСЕ/ОДИХР укажуваат дека најголем број од радиодифузерите, во голема мера, следат партиски уредувачки политики.

- Досега, еден формален приговор беше поднесен до ДИК во врска со рано спроведување на кампања. Најголем број од кандидатите на изборите усно ги изнесоа своите приговори, не поднесувајќи формални писмени приговори. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР продолжува да ги следи претходните обвинувања за извршен притисокот врз државните службеници да ја дадат својата поддршка на владејачките партии, на овие избори.

*Англиската верзија на овој извештај е единствен официјален документ. Неофицијални преводи се исто така достапни на македонски и албански.*

## II. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Наспроти задоцнувањата во врска со одредени изборни рокови, подготовките за изборите се чини дека се навремени.[1] Државната изборна комисија (ДИК) продолжи да работи на транспарентен начин. Колегијалноста и консензуалноста на работењето пак, зависат од прашањата за кои се дискутира и од тоа дали медиумите се присутни во ДИК. Гласањето по политички чувствителните прашања се спроведува според партиски линии.[2]

ДИК усвои и објави два прирачника за обука, еден за Општинските изборни комисии и еден за Избирачките одбори (ИО). ДИК ја информираше НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека има намера да ги усвои сите упатства за изборната постапка од Претседателските и локалните избори од 2009 г. кои ќе важат и за претстојните избори. Меѓутоа, сè досега, ДИК не го стори тоа, така што Прирачниците ќе претставуваат замена на регулативата за работењето на Општинските изборни комисии и Избирачките одбори. Задолжителната обука на Избирачките одбори е во тек.

ДИК допрва треба да донесе одлука во врска со изгледот на гласачките ливчиња, како и за бројот на гласачки ливчиња кои треба да се отпечатат и да се достават до Општинските изборни комисии.

Набљудувачите на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР известија дека Општинските изборни комисии се главно подготвени за изборите. Меѓутоа, сите се пожалија дека од ДИК не им биле префрлени средства.[3] Ова резултираше во состојба во одредени ОИК, при што претседателите користеа свои средства за да го поддржат функционирањето на Општинските изборни комисии.

ДИК до 24 мај планираше да започне со кампања за едукација на гласачите која ќе вклучи видео спотови кои опфаќаат три области: постапка на гласање, неправилности на денот на изборите, како и видео спот за охрабрување на гласачите да излезат на гласање.

## III. АТМОСФЕРА НА КАМПАЊАТА

Кампањата официјално започна на 16 мај, на тивок начин, но со значително ниво на недоверба меѓу најголемите партии од двете коалиции, предводени од Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), од една страна и Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), од друга. Досега, спроведувањето на кампањите, во голем дел, е во форма на спроведување митинзи низ земјата,[4] но во друга смисла пак, во главно се одвива со низок интензитет, особено надвор од Скопје. Само ВМРО-ДПМНЕ во голем број користи билборди и партиски плакати. Останатите кандидати укажаа дека нема да

---

1 Следниве задоцнувања се случија при запазување на роковите од Роковниот на ДИК: задолжителната обука за Општинските изборни комисии (ОИК) започна на 4 мај, наместо на 22 април; одлуката за формирањето на Избирачките одбори за гласањето надвор од земјата беше донесена од ДИК на 15 мај, наместо 3 мај; замената на членовите на ОИК/ИО сеуште трае, иако рокот измина на 6 мај.

2 На пр. на 16 мај, ДИК гласаше според партиски линии при донесувањето на одлуката да не се покрене истрага за наводните тврдења на *А1 Телевизија* за заплашување на гласачи.

3 Од 78 ОИК кои беа контактирани од страна на долгорочните набљудувачи, 77 не примиле средства од ДИК.

4 НМИ на ОБСЕ/ОДИХР, во текот на периодот на известување, набљудуваше 23 митинзи во Велес, Тетово, Гостивар, Охрид и во скопските општини.

користат билборди и плакати, туку дека ќе спроведуваат помали настани и кампања „од-врата-на-врата,“ особено поради недостатокот на финансиски средства.[5]

Иако партиите во главно уживаа во слободата да одржуваат митинзи, постоеја одделни случаи кога нивните барања за користење на јавни простори им беа одбивани. Во неколку општини партиите, до кабинетите на градоначалниците, доставиле барања за добивање дозвола за организирање јавни средби, иако Изборниот законик поставува само услов за доставување на известување до локалните канцеларии на Министерството за внатрешни работи.[6] На 19 мај, Градоначалникот на скопската општина Центар им го одби барањето за митинг на СДСМ кој планираа да се одржи во центарот на градот, со објаснување дека еден од јавните паркови може да биде оштетен. Исто така, овој градоначалник писмено ја информираше партијата дека единствените митинзи за кои ќе била издавана дозвола, ќе биле оние кои ќе се одржувале пред канцелариите на партиите.

Одредбите од Изборниот законик во кои се одредува дека општините мораат да одредат бесплатни места за поставување на материјал од кампањите се спроведуваат на недоследен начин. Во одредени општини беа одредени такви места, но во други пак не беа одредени таквите места.[7] Во други општини бесплатниот простор беше распределен според постигнат договор меѓу партиите.[8]

Иако најголем дел од лидерите на партиите известија за нивната намера да спроведуваат позитивна кампања, острата реторика, која беше увидена во периодот пред официјалното започнување на кампањата, беше повторно утврдена, главно меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР исто така увиде говорници на Демократската унија на Албанците (ДУА) во Тетово, како и лидерот на Демократската партија на Албанците (ДПА) Мендух Тачи во општините Дебриште и Долнени дека користат подгревачки јазик за напаѓање на актуелната влада.

Неколку партии го покренаа прашањето околу непојаснетото одвојување на владините од партиските активности. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР продолжува да ги следи претходните обвинувања за извршен притисокот врз државните службеници да ја дадат својата поддршка на владејачките партии, на овие избори.[9]

Премиерот Никола Груевски на 19 мај, испрати отворено писмо со реакција за широко распространетите обвинувања за вршење притисоци врз вработени во државната администрација. Во писмото тој побара сите вработени во јавната администрација да ја гарантираат слободата на избирање и изјави дека сите оние кои ќе се обидат да вршат притисок врз своите вработени, ќе ги трпат санкции, без разлика на нивната политичка припадност.

---

[5] На пример, СДСМ објави дека зема заем со ставање под хипотека на својот имот за да ја финансира својата кампања.

[6] Изборен Ззаконик, Член 81. За ваквата пракса беше известено од скопските општини, како и од Штип, Охрид и Тетово.

[7] Како што беше увидено во општините Гостивар и Тетово.

[8] Како што беше увидено во општините Кривогаштани, Долнени и Другово.

[9] Член 5.4 од Документот од Копенхаген на ОБСЕ од 1990 г. поставува услов дека мора да постои јасна раздвоеност меѓу Државата и политичките партии. Постоеја неколку случаи каде беше тешко да се утврди дали министри кои се кандидати на изборите дејствуваат како владини претставници или како кандидати.

## IV. МЕДИУМИ

Од една страна, медиумите, до сега, на гласачите им обезбедија опширно покривање на кампањата, но најголем дел од радиодифузерите, кои ги следи НМИ на ОБСЕ/ОДИХР, се чини дека во голема мера, следат партиски уредувачки политики. Сѐ на сѐ, недостасуваше критичка анализа и оценка, а постоеше и често мешање на фактите и коментарите.

Во текот на периодот пред официјалниот почеток на кампањата, па сѐ досега, јавните *МТВ-1* и *МТВ-2*, како и *Сител ТВ,* а во помала мера и *Канал 5 ТВ,* претставуваа кандидати кои се на позиции во Владата, во својство на владини претставници на настани поврзани со кампањата, при што не успеаја да направат разлика меѓу улогата на кандидати и улогата владини претставници.[10]

Јавниот радиодифузер ја исполни својата законска обврска да им додели на политичките партии беспатно време во етерот, така што, досега, тринаесет партии ја искористија оваа можност. Исто така, *МТВ-1* постапи според условот наложен во Правилникот на Советот за радиодифузија да „бидат покриени активностите на сите учесници во изборниот процес," преку создавање на специјална програма „Изборна хроника," која обезбеди детално покривање на активностите на кампањите на кандидатите.[11] Меѓутоа, доделеното бесплатно време и програмата „Изборна хроника," беа емитувани надвор од ударниот термин, со што значително се ограничи нивната потенцијална гледаност[12].

*МТВ-1* првично објави дека ќе емитува 14 деведесет-минутни дебатни емисии за изборните кандидати. Меѓутоа, поради технички проблеми, *МТВ-1* најави дека ќе го одложи почетокот на дебатните емисии. Во текот на периодот за кој известуваме ниту една дебатна емисија, од четирите закажани, не беше емитувана. Одреден број приватни телевизии исто така организираа дебатни емисии меѓу различните политички партии. ВМРО-ДПМНЕ најави дека нема да учествува во ниту една дебатна емисија.

Првичните индикации од медиумскиот мониторинг на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР на кампањата, укажуваат дека, во ударниот термин, во вестите, *МТВ-1* била наклонета кон коалицијата предводена од владејачката ВМРО-ДПМНЕ, при што политичкото и изборното известување било главно со позитивен или неутрален тон. Наспроти ова, опозициската коалиција, предводена од СДСМ, добила помало покривање, а таквото известување во главно било со негативен тон. *МТВ-1* им додели приближно половина од своето време во ударните вести на активностите на владините претставници, вклучително и на оние кои се кандидати, со користење на главно позитивен тон. Ова е спротивно на законските обврски на *МТВ-1* кој е јавен радиодифузен сервис[13].

Приватните телевизиски канали *Сител* и *Канал 5* во главно, усвоија сличен пристап на оној на *МТВ-1.* Наспроти ова, *А1 Телевизија,* која на почетокот на кампањата објави дека ќе ги поддржи опозициските партии на изборите, во своите информативни емисии обезбеди опширно покривање на критиките упатени кон владините претставници, како и на

---

[10] Види Член 75(5) од Изборниот законик; Закон за радиодифузна дејност, Член 80; и Правилник за еднаков пристап на медиумското претставување во текот на изборната кампања (Правилник за медиумите) Член 15.

[11] Член 15 од Правилникот за медиуми

[12] Бесплатното време е е обично доделено околу 16.00ч и „Изборна хроника" вообичаено е емитувана по 24.00ч.

[13] Изборен законик член 75(5), ЗРД член 80 и Правилник за медиуми, член 15

коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. *Телма ТВ* имаше побалансиран пристап, но сепак беше главно критична кон коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

Програмите на албански јазик на *МТВ-2* и приватниот ТВ канал *Алсат-М* посветија повеќе време за покривање на етнички албанските партии, но исто така ги покрија и активностите на поголемите коалиции. Тонот на покривањето на кампањата од страна на *МТВ-2* беше главно позитивен кон владата. Покривањето на главните изборни кандидати на *Алсат-М ТВ* беше главно неутрално.

Досега, мал број партии го искористија екстензивно платеното рекламирање. ВМРО-ДПМНЕ е единствената партија која се рекламираше на *Канал 5* и на *Сител.* Рекламите на СДСМ и на Внатрешната македонска револуционерна организација – Народна партија (ВМРО-НП) беа прикажани на *А1 Телевизија*, додека рекламите за кампањите на Демократската унија за интеграција (ДУИ) и Нова демократија се прикажуваа на *Алсат-М,* а тие пак на коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, на ТВ *Телма.* Додека сите медиуми, до сега, го почитуваа 10-минутното ограничувањето за политичко рекламирање на час, по партија, постоеја одреден број случаи кога една политичка реклама траеше и до 20 минути, при што се искористуваше дозволеното време од следните часови.

## V. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

Ниту еден официјален приговор не беше поднесен до судовите иако одреден број кандидати на изборите искажаа приговори до долгорочните набљудувачи на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во врска со заплашувања, притисоци врз државни службеници, како и попречување на спроведувањето на активностите од кампањите. Соговорниците на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ова го припишуваа на недостатокот на доверба во надлежните органи.

ДИК на 16 мај ја разгледа информацијата доставена од страна на партијата на Демократската десница во врска со случаи на заплашување.[14] ДИК одлучи дека случајот не е во нејзина надлежност и го препрати до Јавниот обвинител како соодветен орган. Народниот правобранител исто така го охрабри Јавниот обвинител, итно да ги истражи околностите во врска со случајот. Јавното обвинителство ја информираше НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека истрагата е сеуште во тек. Во врска со еден друг случај кој вреди да се спомене, на 19 мај Јавниот обвинител за Битола го отфрли случајот против ВМРО-ДПМНЕ за наводни сторени заплашувања врз вработени во јавниот сектор. Меѓутоа, само двајца вработени биле испрашувани пред да се затвори истрагата, со што се подигна загриженоста околу ефикасноста на таквата истрага.

На 19 мај НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беше информирана од страна на СДСМ дека СДСМ поднел официјален приговор до ДИК, со обвинение против ВМРО-ДПМНЕ за предвремено започнување со изборната кампања[15]

Министерството за внатрешни работи извести за 13 случаи на оштетување на партиски штабови.[16] Беа покренати истраги во врска со ова, но сеуште ниту еден од сторителите не е идентификуван.

---

14 *А1 Телевизија* извести дека ВМРО-ДПМНЕ им наложила на шефовите на сектори на државните институции да поднесат Списоци со најмалку 15 лица кои ќе ја поддржат партијата, а за возврат ќе добијат вработување или други придобивки.

15 Тие обвинуваат дека постои прекршување на Член 69-а и 179-б(1), со што се одредува казна од 3.000 - 5.000 евра, за започнување на кампањата пред денот на официјалниот почеток на кампањата, 16 мај.

На 20 мај, канцеларијата на Народниот правобранител отвори бесплатна телефонска линија каде граѓаните можат да пријавуваат случаи на кршење на нивните избирачки права. Народниот правобранител ќе започне и со кампања за подигање на свеста, при што ќе ги поттикнува граѓаните да ги пријавуваат сите случаи на притисок или заплашување. Шест адвокати во канцеларијата на Народниот правобранител ќе ги разгледуваат таквите случаи и ќе ги препраќаат до соодветните државни институции, со цел тие да преземат соодветно дејство.

## VI. ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧИ

Изборниот законик дозволува следење на целиот изборен процес, како од домашни, така и од страна на меѓународни набљудувачи. Правата и обврските на сите набљудувачи се уредени во Кодексот за набљудување, усвоен од страна на ДИК.[17]

Граѓанската организација МОСТ планира да распореди околу 3.600 набљудувачи на денот на изборите со цел да покрие дури 70 отсто од избирачките места, со околу 1.200 набљудувачи кои ќе спроведуваат паралелно сумирање на резултатите во 10 отсто од избирачките места.

Двете коалиции ја искажаа својата намера да распоредат на терен овластени претставници за набљудување на сите избирачки места на денот на изборите.

## X. АКТИВНОСТИ НА НМИ на ОБСЕ/ОДИХР

Во текот на периодот на известување, НМИ на ОБСЕ/ОДИХР продолжи со своите редовни активности, при што се сретна со Претседателот на државата, министрите, државните претставници, претставниците на партиите и кандидатите, органите за спроведување на изборите, претставниците на судовите, претставниците на медиумите и на граѓанските организации, како и со дипломатските мисии. Шефот на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР, Г-дин Џулијан Пил Јејтс исто така се сретна со Г-дин Роберто Батели, Специјалниот претставник на делегацијата на Парламентарното собрание на ОБСЕ и Специјален Координатор на Краткорочните набљудувачи на ОБСЕ и со Г-дин Жан Шарл Гардето, Шеф на Парламентарното собрание на Советот на Европа при нивната предизборна посета во Скопје.

Вториот брифинг за дипломатската заедница ќе се одржи на 30 мај. Долгорочните набљудувачи ќе продолжат да ги набљудуваат изборните подготовки и кампањата, во сите региони, а тие исто така се во подготовка за распоредувањето на терен на краткорочните набљудувачи.

[16] Прозорци на штабовите на ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и Обединети за Македонија беа во неколку случаи искршени во градовите Битола, Кавадарци, Кичево, Куманово, Прилеп, Скопје и Тетово.

[17] Усвоен на 20 април, 2011.